ЈПК"Брегалница"-Делчево
Бр. 0102-104/1
06.03.2020 год.
Д Е Л Ч Е В О

Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0102-104/1
06.03.2020 год.
ДЕЛЧЕВО

Архив. знак 0102
Рок на чување трајно
06.03.2020 год.
Потпис,

ЈКП БРЕГАЛНИЦА
Д Е Л Ч Е В О

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА
# НА ЈКП"БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО
# ЗА 2019 ГОДИНА

**Делчево**
**Март 2020**

## - ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Решение бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година донесено од Собрание на Општина Делчево како Установа за комунални услуги и е запишано во Судскиот регистар со Решение на Окружниот стопански суд во Штип Ус. Број 122/66 од 22.12.1966 година.

Со Одлука на Собранието на Општина Делчево број 0101-924 од 27.11.1989 година ЈКП Брегалница-Делчево е организирано како јавно претпријатие за комунални дејности.

Статутот на ЈКП"Брегалница"-Делчево со арх.број 0101-121/1 од 19.04.2019 година е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на ден 19.04.2019 година а Советот на Општина Делчево има дадено согласност на истиот со Одлука бр.09-1049/1 од 07.06.2019 година.

## - ДЕЈНОСТ

-

Јавното комунално претпријатие "Брегалница"-Делчево е основано заради вршење на дејност од комуналната област која е од јавен интерес.

Јавното претпријатие дејноста ја врши трајно и без прекин а неговата работа е јавна и транспарентна и претставува незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Делчево.

Јавното комунално претпријатие "Брегалница"-Делчево врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за управување со отпадот, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност на претпријатието е:

- Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

- одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
- собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
- расчистување на диви депонии во градот и руралните населби;
- изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализацинона мрежа и друг вид на јавна инфраструктура;
- чистење и метење на улици и јавни површини;
- одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
- одржување, уредување и управување со градски гробишта;
- одржување на градски зелен пазар под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија;
- одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево;
- крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.

**-ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ**

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

1.Сектор за Општи и правни работи;
2.Сектор за Финансии, сметководство и комерција
3.Сектор за Водовод и канализација;
4.Сектор за Комунална хигиена;
5.Сектор за Градско зеленило и гробишта.

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:

- Управен одбор;
- Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;
- Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈКП "Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2019 година изнесува 73 вработени во редовен работен однос и 18 привремени работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

**-РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПО РАБОТНИ ЕДИНИЦИ ВО 2019 ГОГИНА**

**СЕКТОР ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ**

Согласно планираните активности во Програмата за работа за 2019 година овој сектор во извештајниот период ги има извршено сите тековни работи околу правилно и законско функционирање на целокупното работење на претпријатието, како и сите правни и административно-технички работи (следење на законските прописи, подготвување и усогласување на општите акти, архивирање, евиденција и средување на актите и др.)

Во делокругот на оваа работна единица спаѓа и подготовка на материјали за седниците на Управниот и Надзцорниот одбор, изготвување записници од седници и одлуки и други акти.

Во 2019 година изготвен е нов Статут на јавното претпријатие усогласен со измените на Законот за јавни претпријатија и Законот за вработени во јавниот сектор и истиот е усвоен од Управниот одбор и Советот на Општина Делчево.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето во текот на 2019 година преземени се сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците на услуги, односно изготвувани и доставувани се редовно опомени и предупредувања за долг и до надлежните Нотари поднесени се вкупно 95 предлози за донесување на решенија врз основа на веродостојна исправа.

## СЕКТОР ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Во текот на 2019 година покрај тековните работни активности кои се состојат од изготвување на финансиски планови и анализи за работата на претпријатието, реализација на побарувањата и обврските, изготвување на прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период, ажурирање и точно водење на податоците и вршење на наплата на услугите кои ги дава претпријатието преку службата на инкасатори, во рамките на оваа работна единица во 2019 година изготвени се периодични (тримесечен, шестмесечен и деветмесечен) извешти за финансиското работење во 2019 година како и Годишен финансиски извештај за работата за 2018 година како и Годишна сметка за 2018 година и истите се усвоени од Надзорниот и Управниот одбор на претsпријатието како и од Советот на Општина Делчево.

Во 2019 година отпочнато е со ажурирање на податоците за корисниците на комунални услуги од страна на екипи составени од вработени и овој процесс ќе продолжив о текот на целата наредна година.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ, ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

| ред. бр. | Опис на набавка | количина | датум на набавка | единечна цена во денари без ДДВ | Вкупна цена во денари со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Монитор BENQ | 1 | 04.02.2019 | 4381 | 4600 |
| 2 | Компјутер | 1 | 04.02.2019 | 11905 | 12500 |
| 3 | Компјутер | 1 | 11.03.2019 | 11905 | 12500 |
| 4 | Принтер Laser Jet P2035 | 1 | 04.04.2019 | 11619 | 12200 |
| 5 | Мобилни телефони | 2 | 09.04.2019 | 9744.5 | 19489 |
| 6 | Лаптоп Lenovo V330-15IK 4GB | 1 | 09.04.2019 | 24284 | 24284 |
| 7 | фиксен телефон | 1 | 16.10.2019 | 720 | 850 |
| 8 | канцелариски материјали и тонери | | 01.01.2019-31.12.2019 | | 92167 |

**ВКУПНО 178.590,00 ДЕНАРИ**

## СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Во 2019 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 571.606 м$^3$ вода.

Главни носители на потрошувачката се домаќинствата со 511.417 м$^3$ или 89%, а до правни лица дистрибуирани се 60.189 м$^3$ или 11%.

Во 2019 година од домаќинствата и правните лица преку јавниот канализационен систем се одведени и фактурирани вкупно 549.567м$^3$ урбани

отпадни воид. Од домаќинствата се одведени вкупно 480.855$м^3$ отпадни води или 87% од вкупно фактурираната канализација а од правните лица одведени се 68.712$м^3$ урбани отпадни води или 13%.

Работната единица Водовод и канализација во извештајната 2019 година ги има извршено следните редовни (тековни) работни активности:

- Отклонети се вкупно 75 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф225=8; ф110=12; ф90=20; ф63=25 и поцинковани линии 2"=10;
- Извршени се вкупно 35 интервенции на разводна мрежа во градот и селските населби претежно на поцинковани линии како и на ПЕ црева;
- Одговорено е на повици од граѓани и правни лица и отклонети се вкупно 90 дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти);
- Извршена е санација на вкупно 8 главни вентили;
- Извршена е замена на вкупно 120 неисправни водомери;
- Извршени се 38 нови приклучувања на нови потрошувачи.
- Во тековното работење околу одржувањето на канализацијата извршено е санирање на 35 канализациони шахти;
- Извршени се вкупно 30 интервенции на отпишување на запишени канализации на главни линии;
- Одговорено е на вкупно 35 повици од правни и физички лица за отпишување на приватни канализациони линии.

Покрај редовните и тековни активности, во 2019 година се извршени и следните активности:

- Извршена е изградба на нова водоводна линија во населба Пролет со ПЕ цевки ф110 во должина од 100м со изградба на 4 нови водомерни шахти;
- Извршена е реконструкција на поцинкована водоводна линија ф63 на улица Григор Прличев крак 1 и истата е заменета со ПЕ црево ф63 во должина од 163 метри;
- Извршена е изградба на нова водоводна линија на улица Маршал Тито во населба Стрелиште со ПЕ црево ф32 во должина од 110метри со што е решен деценискиот проблем на жителите од тој дел на градот;
- Извршено е премостување на водоводна линија на новата црква Св.Кирил и Методиј со ПЕ црево ф25 поради чести дефекти на таа линија;
- Извршено е поврзување на водоводна линија на конаците кај Манастирот Пр. Богородица Балаклија;
- Извршена е реконструкција на дел од водоводна линија на Бул.Македонија (пред салон Делком) поради зачестени дефекти на истата при што е заменето ПЕ црево ф40 во должина од 40 метри;

- Извршено е перење и дезинфекција на резервоарите за вода во селата Разловци и Звегор како и резервоарот на м.в. Чуката во 3-ти реон во Делчево;
- Извршена е замена на стара челична водоводна цевка на мостот на река Брегалница на ул.М.М.Брицо со нова ПЕ цевка ф225 во должина од 12 метри;
- Во с.Габрово извршена е реконструкција на главна доводна линија ф110 до резервоар во должина од 170 метри;
- Во с.Град исклучен е таложникот кој се наоѓа до пумпната станица и истиот е премостен со нова линија со ПЕ коругирани цевки ф315 во должина од 40 метри со изградба на нова шахта;
- Во с.Град извршена е обнова и прочистување на каптажа;
- Во с.Разловци извршена е изградба на нова каптажа на река Ракитина и поврзување со стара каптажна шахта со ПЕ црево ф90 во должина од 220 метри како и санирање на старата доводна линија до бунарот со ПЕ црево ф63 во должина од 10 метри;
- Во с.Стамер извршено е поставување на нова водоводна линија на селска чешма ф63 во долина од 300 метри;
- Во Пречистителната станица за вода во село Трабroom Тработивиште извршено е замена на 18 тони кварцен песок и 2,4 тони активен јаглен.
- Извршено е премостување на приклучок т.е направен е нов приклучок за старата зграда на Општина Делчево со изработка на водомерна шахта;
- Извршена е демонтажа и монтажа на пумпа за снабдување вода во Ново Делчево.

## ГРАДЕЖНА ГРУПА ВО СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Градежната група во рамки на Секторот Водовод и канализација во текот на 2019 година ги има реализирано следните активности:

**Населба Пролет:**

- Изградба на фекална канализација ф200 во должина од 100 метри и изградба на 3 армирано бетонски шахти со лиено железен капак;
- Изградба на атмосферска канализација ф500 со должина од 55 метри од собирни шахти до река Габровчица;
- Изградба на 4 сливници за атмосферска канализација и изградба на решетка во должина од 2 метри;
- Припрема, подигање и бетонирање на армирано бетонски капаци за атмосферска и фекална канализација на кота на асфалт 12 броја;
- Поставување и бетонирање на 4 метални капаци за водомерни шахти;
- Изведба на прекопи и поставување на заштитни ПВЦ цевки ф100 во должина од 36 метри;

**Ул.Григор Прличев:**

- Изведна на атмосферска канализација во должина од 190 метри со ПВЦ цевки ф400 и ф350 како и изработка на 6 армирано бетонски шахти со лиено железни капаци;
- Изработка на 2 армирано бетонски канали и поставување на метални решетки во должина од 5 метри;

**Крак на ул.Светозар Марковиќ (кон нов пешачки мост):**

- Изградба на 3 броја шахти за атмосферска и фекална канализација на постоечката инсталација;
- Изведба на прекоп за заштитни цевки преку улица ф200 со вкупна должина од 36 метри;
- Монтажа на ПВЦ цевки ф315 од новоизведени шахти кон ДИНГО ТИР во должина од 12 метри;

**Населба Басарица:**

- Изградба на атмосферска канализација ф315 во должина од 190 метри и атмосферска канализација ф250 на улица Драмечка во должина од 55 метри со изработка на 7 армирано бетонски шахти со лиено железни капаци;
- Изградба на атмосферска канализација ф250 на улица Селничка во должина од 135 метри со изработка на 5 армирано бетонски шахти со лиено железни капаци;

**Населба 3 -ти реон Делчево:**

- На улица Острец-припрема, ископ, поставување на рабници во должина од 120 метри и изведба на улица со бехатон плочки во долина од 130 метри и ширина од 2,7 метри;
- Изведба на пропуст со поставување на ПВЦ цевки ф400 во должина од 12 метри во ендек Грозданец;
- Изградба на тротоар со бехатон плочки на ул Острец во вкупна должина од 150 метри;
- Изградба на тротоар помеѓу улица Царевоселска и ул Кеј на Брегалница во должина од 70 метри и ширина 1,1 метар, како и бетонирање на пристап од тротоар до влезни скали
- Изградба на тротоар со бехатон плочки на ул Кеј на Брегалница во вкупна должина од 300 метри;
- Изградба на атмосферска канализација ф315 на улица Кеј на Брегалница во должина од 71 метар и атмосферска канализација ф200 преку улица Царевоселска во должина од 7 метри, со изработка на 2 армирано бетонски шахти со лиено железни капаци;

- Изградба на армирано бетонски канал за одведување на атмосферска канализација на улица Царевоселска во должина од 30 метри, со изработка на метална решетка со должина од 30 метри.

**Населба 2-ри реон Делчево:**

- Поставување на решетка за атмосферска вода со поставување на одводни канализациони цевки ф150 во должина од 24 метри на улица Мирче Ацев;

**Населба Спортско Рекреативен Центар, Делчево:**

- Изградба на фекална канализација ф200 во должина од 28 метри со изработка на една армирано бетонска шахта со лиено железен капак;

**Улица Кеј на Ослободување:**

- Изградба на бетонски тротоар околу новата црква Св.Кирил и Методиј во вкупна должина од 250 метри;

**Стар расадник:**

- Изградна на тротоар со бехатон плочки на ул В.С.Бато во должина од 20 метри;

**с.Разловци:**

- Поставување на цевки ф200 од решетка за атмосферска канализација до излив во должина од 24 метри;

**ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА**

| ред. бр. | Опис на набавка | количина | датум на набавка | единечна цена во денари без ДДВ | Вкупна цена во денари со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Градежна машина-уинверзален ровокопач натоварувач Hidromek со даска за снег | 1 | 16.04.2019 | 4497000 | 5306460 |
| 2 | Градежна машина-уинверзален ровокопач натоварувач JCB | 1 | 29.10.2019 | 3.846.825 | 4.539.254 |
| 3 | Корпа за Hidromek L=350 | 1 | 21.05.2019 | 44000 | 51920 |
| 4 | Машина за чистење на канализациски цевки | 1 | 27.06.2019 | 375985 | 443662 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Полутоварно возило | 1 | 24.10.2019 | 1300000 | 1534000 |
| 6 | Електрична брусалка ингко 950вати | 1 | 07.03.2019 | 1827 | 2156 |
| 7 | Електрична брусалка ингко 2350вати | 2 | 07.03.2019 | 4254 | 10040 |
| 8 | Бормашина електрична сет ПВЦ 1100 бати | 1 | 07.03.2019 | 5891 | 6951 |
| | Електрична дупчалка Ингко - бормашина 1100 | 2 | 07.03.2019 | 3535 | 8342 |
| 10 | Батериска дупчалка | 1 | 15.05.2019 | 4110 | 4850 |
| 11 | Убодна пила 570 вати Инкго | 1 | 03.06.2019 | 1610 | 1900 |
| 12 | Хилта- ударен чекан 1250 вати Ингко | 1 | 13.06.2016 | 4237 | 5000 |
| 13 | Хидрантско црево Ф52 PN16 L=15m | 2 | 20.09.2019 | 1830 | 4319 |
| 14 | Батериска дупчалка (бормашина | 1 | 31.10.2019 | 4322 | 5100 |
| 15 | клуч крцкална од 1/2 | 1 | 31.10.2019 | 432 | 510 |
| 16 | Кварцен песок | 18132 кг | 26.07.2019 | 10 | 222683 |
| 17 | Алуминиум сулгат | 24000 кг | 19.07.2019 | 16.25 | 460200 |
| 18 | Активен Јаглен | 2400 | 29.07.2019 | 156 | 441792 |
| 19 | Натриум хипохлорид (ХЛОР во боци) | 1200 кг | 01.01.2019 - 31.12.2019 | 38.48 | 54488 |
| 20 | Ортотоледин | | 01.01.2019 - 31.12.2019 | | 7126 |

**Вкупно** **13.110.753,00 ДЕНАРИ**

**СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е распоред за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево и селата Габрово, Звегор, Полето, Град и Тработивиште како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад (IVECO Daily 65C, MERCEDES 2222 и MERCEDES 12.13) и два трактори IMT 565 и IMT 539 за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

Во извештајниот период (во 2019 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинствата во количина од 5.180 тони или 431 тон месечно.

Од правни лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 120 тони или во просек по 10 тони индустриски отпад месечно.

Покрај редовното собирање на комуналниот отпад се врши и повремено собирање и депонирање и на отпадот од Баткова чешма и од планината Голак на спортските терени а особено за време на одржување на Голачките Фолклорни средби кај бината каде што се одржува настанот.

Исто така редовно се вршеше и собирање на комуналниот отпад од Граничниот премин врз основа на склучен договор со Царинската Управа на РСМ.

Во есенските месеци Октомври, Ноември и Декември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од дворните места во градот Делчево, населба Звегорска река и Басарица со два камиони (FAP 1314 и MAN) и еден трактор и тоа по 3 до 4 повторувања на целиот терен.

На неколку наврати извршено е и целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер BNT 105 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад, а извршено е и опесочување на истата со околу 80м$^3$ песок и шлунак.

Како на самата депонија исто така во неколку наврати е извршено санирање на самиот пат Делчево-Острец од причини што не е асфалтиран и постојано се оштетува а кој посебно ни прави проблем во зимските месеци при појава на снежни врнежи.

Во извештајниот период покрај редовното собирање на комуналниот отпад од домаќинствата и правните лица извршени се и следните активности:

- Чистење на дива депонија меѓу 2-ри и 3-ти реон во два наврати;
- Чистење на дива депонија на пат за Голак над Градските гробишта лево и десно од патот за Голак;
- Чистење на дива депонија во Црквенски ендек;
- Чистење на дива депонија во Очипала;
- Чистење на депонија за инертен отпад (градежен шут и растителен отпад) Ралова чука (4 пати);
- Чистење на дива депонија под градски гробишта;
- Чистење на дива депонија кај мостот на река Брегалница на ул.Индустриска (долен мост) од двете страни на реката Брегалница;

- Подигање на градежен шут покрај станбените комплекси, кај Пензионерски дом, кај старата зграда на Општината и на други локации;
- Чистење на коритото на река Брегалница и река Габровчица од наноси талог;
- Чистење на диви депонии во с.Град, с.Тработивиште и с.Разловци.

**ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**

| ред. бр. | Опис на набавка | количина | датум на набавка | единечна цена во денари без ДДВ | Вкупна цена во денари со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Апарат за заварување MAXIMA 230 SYNERGIC 230V | 1 | 13.03.2019 | 30869 | 36425 |
| 2 | Полнач Динамик 320 | 1 | 13.03.2019 | 13850 | 16343 |
| 3 | менгеме | 1 | 31.10.2019 | 3305 | 3900 |
| 4 | Боца со заштитен гас | 1 | 18.10.2019 | 8305 | 12200 |
| 5 | Алати и материјали за тековно одржување | | 01.01.2019 - 31.12.2019 | | 80538 |

**ВКУПНО 149.406,00 ДЕНАРИ**

## СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА

Секторот за одржување на паркови и зелени површини во извештајниот период ги има извршено следните редовни (тековни) работни активности од својот делокруг на работа:

Одржувањето на парковите и јавните зелени површини е примарна активност на оваа работна единица и опфаќа: машинско и рачно косење на трева гребулење, собирање и изнесување на тревата и друг отпад, садење на сезонско цвеќе, поправка и одржување на парковски клупи и реквизити, полевање на тревата и цвеќињата во летниот период, кроење на украсни дрвца и грмушки, кастрење на суви гранки и сл.

## МАШИНСКО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. м2 | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Триаголници кај семафорите и кај споменикот на Гоце Делчев | 400 | 28 | 11200 |
| 2 | Парк пред комплекс Делчевчанка | 200 | 26 | 5200 |
| 3 | Парк пред Стопанска банка | 250 | 28 | 7000 |
| 4 | Жардинерии на ул.Булевар Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 2000 | 19 | 3800 |
| 5 | Жардинерии на ул.Булевар Македонија (од семафори до с.Звегор) | 2000 | 13 | 2600 |
| 6 | Жардинерии на ул.М.Тито | 2000 | 23 | 4600 |
| 7 | Жардинерии на ул.М.М.Брицо | 2000 | 26 | 5200 |
| 8 | Градски парк пред спомен дом АСНОМ | 7500 | 25 | 187500 |
| 9 | Парк со езерца пред споменикот на Гоце Делчев | 4500 | 26 | 117000 |
| 10 | Парк на Кеј на Ослободувањето | 10000 | 25 | 250000 |
| 11 | Детски игралишта (Милково Брдо, старо Пожарно и Стрелиште) | 840 | 8 | 6720 |
| 12 | Мини парк на ул.Питу Гули | 200 | 6 | 1200 |
| 13 | Градски Стадион | 6050 | 23 | 139150 |
| 14 | Лево и десно од пешачката стаза од стар Монопол до с.Звегор | 5000 | 1 | 5000 |
| 15 | Градски гробишта (стари, средни и горни) | 2000 | 6 | 12000 |

## РАЧНО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА СО ТРИМЕР

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. $м^2$ | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косините лево и десно од мостот на река Брегалница (под стоковната куќа Пела и под црквата Св. Кирил и Методиј) | 10000 | 8 | 80000 |
| 2 | Кеј на река Брегалница | 10000 | 13 | 130000 |
| 3 | Корито на река Габровчица | 10000 | 6 | 60000 |
| 4 | Триаголник на спој на ул.В.Влаховиќ и ул. Македонска | 150 | 3 | 450 |
| 5 | Триаголник на ул.Пере Тошев | 150 | 3 | 450 |
| 6 | Триаголник на спој на ул. Пере Тошев, ул.В.Јоциќ и ул.Македонска | 150 | 3 | 450 |

## ГРЕБУЛЕЊЕ, СОБИРАЊЕ И ИЗНЕСУВАЊЕ НА ТРЕВА И ДРУГ ОТПАД

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. $м^2$ | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење и чистење на зелена површина на ул. Пере Тошев | 1000 | 1 | 1000 |
| 2 | Странично чистење на ул.Острец, ул.Солунска, ул.М.М.Брицо и дел од ул.Скопска | 4000 | 2 | 8000 |
| 3 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 4000 | 2 | 8000 |
| 4 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од семафори до с.Звегор) | 4000 | 3 | 12000 |
| 5 | Чистење на ендек во Расадник и дел од ул.М.Тито и ул. Индустриска (околу Ветеринарна станица) | 1500 | 2 | 3000 |
| 6 | Странично чистење на ул.8-ми Септември | 1000 | 1 | 1000 |
| 7 | Чистење на просторот околу трансформатор во Милкво Брдо | 1000 | 1 | 1000 |
| 8 | Чистење на просторот пред маркет Жито | 100 | 4 | 400 |
| 9 | Странично чистење на ул.С.Марковиќ | 1000 | 3 | 3000 |
| 10 | Чистење на просторот околу детска градинка и автобуска станица | 1000 | 3 | 3000 |
| 11 | Странично чистење на дел од ул.Индустриска (од мостот на река Брегалница до ул.Бул.Македонија) | 1200 | 2 | 2400 |
| 12 | Чистење на просторот и косината над гимназијата М.М.Брицо | 600 | 3 | 1800 |
| 13 | Чистење на косината над ресторант Трла | 200 | 2 | 400 |

## САДЕЊЕ НА СЕЗОНСКО ЦВЕЌЕ

| Р. Бр. | Локација-место | Ед, мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Градски парк пред Спомен-дом АСНОМ, Парк со Езерца, Парк пред Стопанска Банка, Парк пред комплекс "Делчевчанка", Парк на Кеј на Ослободување и жардинерии на М.М.Брицо | Парче | 5000 |

Одржувањето на јавната чистота односно секојдневното метење на улиците и тротоарите по претходно изготвен План за собирањето на отпадоци од јавните површини е исто така една од редовните активности на ова работна единица.

**МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

| ДЕН | РЕОН - УЛИЦИ | Површ. $м^2$ | Повторување |
|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | Градски парк АСНОМ, паркинг пред собрание, ул.С.Марковиќ и ул.М.М.Брицо (од мостот до семафорите), ул.М.Тито и Градски пазар | 11.000 | 52 |
| ВТОРНИК | Градски полигон, ул.Кеј на Ослободување, парк во Ново Делчево, парк Езерца и двоен терен за тенис кај стадионот и ул.Н.Ј.Вапцаров | 9.800 | 52 |
| СРЕДА | Ул.М.М.Брицо (од старо Собрание до семафори), ул.Бул.Македонија (од семафори до Скопјанка) | 5.200 | 52 |
| ЧЕТВРТОК | Ул.Бул.Македонија (од семафори до МВР), ул.М.Тито (од мосто до Хотел Македонија) и ул.С.Марковиќ | 6.200 | 52 |
| ПЕТОК | Ул.М.М.Брицо (од семафорите до МВР), ул.С.Марковиќ и ул.Н.Ј.Вапцаров и Градски пазар | 6.000 | 52 |
| САБОТА | Градски пазар | 1.800 | 52 |

Покрај редовните активности во 2019 година оваа работна единица ги има извршено и следните дополнителни активности:

- Чистење на просторот од двете страни на пешачката патека од Делчево до с.Звегор (чистење од растителен отпад, кастрење на диви гранки, косење на трева со тримерки и собирање отпадоци);
- Изработка и поставување на декоративни метални реквизити (цвеќарници) во Паркот пред Спомен-дом АСНОМ и Паркот пред новата црква со езерца и засадување на цвеќиња во истите;

- Хортикултурно уредување и оплеменување на просторот околу споменикот на Н.Ј.Вапцаров пред Спомен-домот АСНОМ, обогатено со цветен аранжман околу споменикот;
- Косење на просторот позади детската градинка "Весели Цветови";
- Поставување знамиња и натписи на летната бина по повод 7-ми и 8-ми Септември;
- Поставување на Порта во Градскиот парк пред Спомен-домот АСНОМ за време на манифестацитте: Пијанечко-Малешевска свадба и Ден на сливата;
- Поставување на ограда од универзално плетиво и метална жица на горни градски гробишта во должина од 35 метри;
- Косење на трева и чистење на просторот околу бината и манастирот Св.Пантелејмон на планината Голак, метење и поставување на бина на планината Голак за „Голачки фолклорни средби", отстранување на претходно поставената бина на планината Голак, чистење на просторот околу бината и манастирот Св.Пантелејмон по завршување на манифестацијата.
- Чистење и косење на трева на просторот околу и во селските гробишта во с.Габрово.
- Чистење и косење на трева во централното селко подрачје во с.Тработивиште.
- Косење на трева со тримерки во с.Разловци (просторот околу основното училиште "Климент Охридски", дворот на црквата "Св. Цар Константин и Царица Елена и просторот околу Спомен-домот "Разловечко Востание").

**ИНВЕСТИЦИИ ВО СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА**

| ред. бр. | Опис на набавка | количина | датум на набавка | единечна цена во денари без ДДВ | Вкупна цена во денари со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Мултифункционална тракторска косилка McCulloch M200-107 TC | 1 | 15.01.2019 | 104600 | 123428 |
| 2 | Приклучен елемет за тракторска косилка McCulloch M200-107 TC - Даска за снег | 1 | 15.01.2019 | 20720 | 24500 |
| 3 | Дувалка за снег- фреза за снеѓ | 1 | 05.05.2019 | 79000 | 93220 |
| 4 | Моторна косилка Агрина 51S | 2 | 14.02.2019 | 9700 | 22891 |
| 5 | Тример Хусварна 553RS | 2 | 14.02.2019 | 27500 | 64900 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Калорифер | 1 | 14.11.2019 | 5783 | 6824 |
| 7 | Знаме на Р.М 40X80 | 30 | 31.07.2019 | 200 | 7080 |
| 8 | Знаме на Р.М 100X200 | 1 | 29.08.2019 | 1500 | 1770 |
| 9 | Знаме на ЕУ 100X200 | 1 | 29.08.2019 | 1500 | 1770 |
| 10 | Знаме на ЕУ 80X40 | 35 | 29.08.2019 | 200 | 8260 |
| 11 | Змане на град Делчево 80X40 | 20 | 29.08.2019 | 200 | 4720 |
| 12 | цвеќиња | | 01.01.2019-31.12.2019 | | 139613 |

**ВКУПНО 498.976,00 ДЕНАРИ**

**-Одржување на јавното улично осветлување**

ЈКП Брегалница-Делчево покрај другите дејности од јавен интерес врши и одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.

Во делокругот на оваа дејност реализирани се следните активности:

- Поради дотраеност на постоечките дрвени електрични столбови и поставување на нови бетонски столбови од страна на ЕВН дислоцирана е и постоечка инсталација и заменет обичен Al - кабел од 16мм2 и 25мм2 со самоносечки кабел (СКС 2x16мм2) во должина од околу 3000м1 и тоа во градот Делчево, с.Звегор, с.Габрово, с.Вирче, с.Град и с. Стамер;
- Поставени се околу 200 нови канделабри во градот и селата со LED светилки од 24W.
- Извршена е редовна замена на околу 500 улични светилки како и редовна замена на парковски светилки со LED светилки од 15W.
- Поставена е нова линија во с.Полето и поставени се нови улични светилки со што комплетно е осветлена ова селска населба.
- Моментално во Општина Делчево заменети се сите флукомпатибилни (штедливи), живини и натриумови светилки со LED светидки од 24W а во парковите со LED светилки од 15W.
- Вршено е редовно сервисирање и одржување на семафорите со замена на дотраени со нови 100w светилки со волфрамово влакно.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП БРЕГАЛНИЦА ДЕЛЧЕВО ЗА 2019 ГОД**

## 1. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНА СМЕТКА

Годишната сметка е подготвена во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РСМ бр.159/09, 64/10 и 107/11 кои се применуваат во РСМ согласно законот за трговски друштва (Службен весник на РСМ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 48/10, 24/11). Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар. Просечниот број на вработени во ентитетот заклучно со 31/12/2019 год. изнесува 75.

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Поважни користени сметководствени политики се следните:

1. **Нематеријални средства** евидентирани во годишната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување. Евидентирањето на амортизацијата на нематеријалните средства (книговодствен софтвер) е засновано на нивниот кристен век. Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век. Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век и се амортизирани по стапка од 20% на годишно ниво.
2. **Материјалните средства** (Недвижностите, постројките и опремата) се презентирани според нивната набавна вредност намелена за акумулираната амортизација. Акумулираната амортизавија е пресметана со примена на пропорционалниот метод за периодите на корисен век на средствата со примена на следните стапки:
   - **а.** Згради (високо ниска градба) ................ 2.5%
   - **б.** Моторни возила ....................................... 25%
   - **ц.** Компјутери ................................................ 25%
   - **д.** Мебел и опрема ..................................... 10-25%
3. **Паричните средства и паричните еквиваленти** се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарската благајна.
4. **Побарувањата од купувачите** се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања.
5. **Приходите од продажба** се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува. Приходите се прикажани по фактурна вредност намалена за попусти и данокот на додадена вредност

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

ЈКП Брегалница - Делчево во своето работење за 2019 година оствари позитивен финансиски резултат во износ од **728.371,00 денари (нето добивка по оданочување).**

### ПРИХОДИ

**Вкупно остварените приходи од работењето изнесуваат 45.850.398 ден**

| Р. бр | Приходи | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода за пиење - физички и правни лица | 17.899.519 | 15.277.610 |
| 2 | Приходи од канализација - физички и правни лица | 5.837.486 | 4.287.438 |
| 3 | Приходи од фактурирање на смет | 11.617.079 | 11.454.288 |
| 4 | Приходи од погребални услуги | 14.931 | 15.416 |
| 5 | Приходи од приклучок на водовод | 215.870 | 228.700 |
| 6 | Приходи од магацин | 28.200 | 14.302 |
| 7 | Приходи од резервации | 6.800 | 14.800 |
| 8 | Плаќање на цел. обврска по долг за погребални услуги | 1.710 | 0 |
| 9 | Приходи од вредносно усогласување на останати мат с-ва | 0 | 531 |
| 10 | Приходи од управување со гробишта | 165.999 | 176.119 |
| 11 | Приходи од водомери | 11.172 | 95.399 |
| 12 | Приходи од радиомодули | 5.348 | 3.958 |
| 13 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 43.500 | 61.500 |
| 14 | Приходи од гробна такса | 697.520 | 682.280 |
| 15 | Приходи од ново гробно место | 183.962 | 224.196 |
| 16 | Приходи од машинско сечење на асфалт | 9.750 | 6.750 |
| 17 | Приходи од такса од полигон за полагање | 149.018 | 130.888 |
| 18 | Приходи од пазарна такса | 1.263.420 | 1.359.633 |
| 19 | Приходи од дозвола за влез во градски гробишта | 168.000 | 175.500 |
| 20 | Приходи од доплата за резервирано гробно место | 260 | 66.864 |
| 21 | Приходи од резервирано гробно место | 27.016 | 0 |
| 22 | Приходи од одржување на паркови и зеленило | 1.111.440 | 1.382.770 |
| 23 | Приходи од изработка на капак за водоводни шахти | 0 | 2.203 |
| 24 | Извршена услуга со моторна пумпа за вода | 1.000 | 0 |
| 25 | Приходи од закупнина | 61.200 | 61.205 |
| 26 | Приходи од одржување на јавна чистота | 1.877.000 | 1.845.120 |
| 27 | Приходи - изработка на пред. пресметка за приклучок на вода | 34.325 | 0 |
| 28 | Приходи од изработка на бетонска шахта со капак | 3.000 | 0 |
| 29 | Приходи по основ на сопствени услуги | 1.877.000 | 1.845.120 |
| 30 | Приходи од вишоци по попис | 9.455 | 24.085 |
| 31 | Приходи од минати година | 324.776 | 318.868 |
| 32 | Приходи од државни подршки, донации, субвенции | 779.235 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 33 | Приходи од наплатени судски трошоци | 2.700 | 25.151 |
| 34 | Вонредни приходи | 5.630 | 16.060 |
| 35 | Останати приходи од работењето | 85.853 | 57.610 |
| 36 | Дополнителни приходи од минати години-градежни објекти | 40.676 | 40.676 |
| 37 | Приходи од финансирање на елс за третман на вода | 563.118 | 0 |
| 38 | Приходи по основ на камати по видување | 190.238 | 73 |
| 39 | Приходи од ископ на земја и транспорт на мат. до депонија | 0 | 2.500 |
| 40 | Приходи од градежни работи | 0 | 5.085 |
| 41 | Приходи од машински ископ на канализационен ров | 0 | 3.000 |
| 42 | Приходи од затезни камати од работење со неповрзани субјекти | 0 | 241.886 |
| 43 | Приходи од канализација - ел.сајла | 63.617 | 47.200 |
| 44 | Приходи од уградување на бехатон плочки | 0 | 450 |
| 45 | Приходи од деплата за гробно место | 0 | 28.275 |
| 46 | Приходи од одржување на граничен премин Делчево | 456.190 | 304.913 |
| 47 | Приходи од отстранување дефецт на водоводни линии | 17.385 | 0 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА 2019 ГОДИНА:** | **45.850.398** | **40.528.422** |

## РАСХОДИ

**Вкупните расходи од работењето изнесуваат 44.902.231,00 денари**

| Конто | Назив на контото | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали и суровини | 1.444.869 | 1.079.204 |
| 401 | Трошоци за материјали | 272.399 | 235.561 |
| 402 | Потрошена електрична енергија,мазива | 4.223.670 | 3.315.679 |
| 404 | Потрошени резервни делови | 593.812 | 718.041 |
| 407 | Отпис на ситен инвентар - автогуми | 314.506 | 54.444 |
| 411 | Поштенски телефонски услуги | 119.753 | 95.918 |
| 412 | Трошоци за надворешни услуги | 1.667 | 44.554 |
| 413 | Трошоци за одржување | 590.632 | 171.340 |
| 414 | Трошоци за закупнина | 0 | 1.800 |
| 415 | Трошоци за комунални услуги - ј.чистота | 2.008.450 | 1.937.376 |
| 417 | Трошоци за реклама, пропаганда промоција | 1.500 | 4.500 |
| 419 | Останати услуги | 4.743.554 | 2.408.267 |
| 420 | Вкалкулирани бруто плати | 24.409.920 | 25.689.144 |
| 422 | Надоместок за тех.вишок, останати трошоци | 423.790 | 339.016 |
| 430 | Трошоци за амортизација- гр.дел и опрема | 2.312.580 | 1.616.507 |
| 432 | Трошоци за амортизација-патнички и транспортни возила | 946.795 | 555.303 |
| 440 | Дневници за службено патување во земјата | 117.178 | 51.200 |
| 441 | Помош во случај на смрт-солидарен фонд | 0 | 29.700 |
| 442 | Трошоци за управен и надзорен одбор | 30.659 | 59.990 |
| 443 | Трошоци за спонзорство/донации | 37.967 | 16.186 |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 201.304 | 79.536 |
| 446 | Банкарски услуги | 177.355 | 171.110 |
| 447 | Данок на имот,административни такси | 0 | 42.499 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 577.034 | 500.625 |
| 466 | Траен отпис на побарувања | 1.143.780 | 0 |
| 460 | Загуби од неотпишана вредност - материјалните ссредства | 0 | 58.894 |
| 469 | Останати расходи од работењето | 186.693 | 230.894 |
| 474 | Трошоци за камати по кредити од банки ,фин.лизинг | 4.760 | 871 |
| 703 | Набавна вредност на продадени материјали | 17.604 | 38.222 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА 2019 ГОДИНА** | **44.902.231** | **39.546.381** |

## ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА
**(заклучно со 31/12/2019)**

**Фактурирано/Наплатено**
**-ДОМАЌИНСТВА**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Домаќинства | 01/2019 | 2.393.265 | 2.254.341 | 94% | 138.924 |
| Домаќинства | 02/2019 | 2.384.518 | 2.224.070 | 93% | 160.448 |
| Домаќинства | 03/2019 | 2.496.672 | 2.341.960 | 93% | 154.712 |
| Домаќинства | 04/2019 | 2.391.753 | 2.223.244 | 93% | 168.509 |
| Домаќинства | 05/2019 | 2.459.543 | 2.272.850 | 92% | 186.693 |
| Домаќинства | 06/2019 | 2.642.233 | 2.415.084 | 91% | 227.149 |
| Домаќинства | 07/2019 | 3.070.485 | 2.774.741 | 90% | 295.744 |
| Домаќинства | 08/2019 | 3.565.977 | 3.123.294 | 87% | 442.683 |
| Домаќинства | 09/2019 | 2.952.975 | 2.512.748 | 85% | 440.227 |
| Домаќинства | 10/2019 | 2.727.979 | 2.150.267 | 79% | 577.712 |
| Домаќинства | 11/2019 | 2.497.243 | 1.639.128 | 66% | 858.115 |
| Домаќинства | 12/2019 | 2.435.233 | 65.668 | 3% | 2.369.565 |
| **ВКУПНО** | | **32.017.881** | **25.997.399** | **81%** | **6.020.482** |

**Фактурирано/Наплатено**
**ПРАВНИ ЛИЦА**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Правни лица | 01/2019 | 612.298 | 584.474 | 95% | 27.824 |
| Правни лица | 02/2019 | 611.831 | 592.446 | 96% | 19.385 |
| Правни лица | 03/2019 | 626.272 | 608.580 | 97% | 17.692 |
| Правни лица | 04/2019 | 647.614 | 641.914 | 99% | 5.700 |
| Правни лица | 05/2019 | 684.607 | 654.440 | 95% | 30.167 |
| Правни лица | 06/2019 | 681.501 | 659.282 | 96% | 22.219 |
| Правни лица | 07/2019 | 706.311 | 645.223 | 91% | 61.088 |
| Правни лица | 08/2019 | 884.050 | 796.505 | 90% | 87.545 |
| Правни лица | 09/2019 | 704.366 | 586.057 | 83% | 118.309 |
| Правни лица | 10/2019 | 729.597 | 572.688 | 78% | 156.909 |
| Правни лица | 11/2019 | 686.722 | 460.453 | 67% | 226.269 |
| Правни лица | 12/2019 | 764.627 | 20.964 | 2% | 743.663 |
| **Правни лица** | **ВКУПНО** | **8.339.801** | **6.823.033** | **81%** | **1.516.768** |

**Фактурирано/Наплатено**
**ГРАДСКИ ПАЗАР**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Градски пазар | 01/2019 | 91.343 | 80.946 | 89% | 10.397 |
| Градски пазар | 02/2019 | 84.744 | 78.746 | 93% | 5.998 |
| Градски пазар | 03/2019 | 81.745 | 75.746 | 93% | 5.999 |
| Градски пазар | 04/2019 | 135.744 | 128.844 | 95% | 6.900 |
| Градски пазар | 05/2019 | 138.744 | 128.094 | 92% | 10.650 |
| Градски пазар | 06/2019 | 138.744 | 130.193 | 94% | 8.551 |
| Градски пазар | 07/2019 | 138.744 | 126.694 | 91% | 12.050 |
| Градски пазар | 08/2019 | 131.844 | 114.744 | 87% | 17.100 |
| Градски пазар | 09/2019 | 133.044 | 111.444 | 84% | 21.600 |
| Градски пазар | 10/2019 | 129.744 | 98.845 | 76% | 30.899 |
| Градски пазар | 11/2019 | 129.894 | 85.795 | 66% | 44.099 |
| Градски пазар | 12/2019 | 128.994 | 39.748 | 31% | 89.246 |
| **ВКУПНО** | | **1.463.332** | **1.199.845** | **82%** | **263.487** |

**Забелешка:**

Битен сегмент во работењето на ентитетот за извештајниот период 2019 год е **намалувањето на долгорочните обврски на ентитетот за 3.050.077 денари споредбено со 2018 год** (позиција АОП85 од биланс на состојба).

Ова намалување на долгорочните обврски се должи на отплатени обврски по основ на на неизмирени обврски за ДДВ , ДД и камати во претходните десетина години со кои ентитетот беше задолжен со решение од УЈП бр.28-19/4 од 09.03.2018 год

ВКУПНО(главен долг и камати по решение) 7.603.552 ден
Допресметани камати......................................... 227.174 ден
Данок на добивка на камати......... 577.509 ден
**ВКУПНО обврски кон УЈП = 8.408.435 ден**
**Отплатени обврски во текот на 2019 год**
1.Долгорочни обврски за камата ДДВ =1.429.303ден
2.Долгорочни обврски за камата ДД =1.522.731 ден
3.Долгорочни обврски за камата ПДД = 98.043 ден

**ВКУПНО ОТПЛАТЕНИ: =3.050.077 ден.**

**ПРЕОСТАНАТ ДОЛГ СПРЕМА УЈП: =1.740.211 ден.**

06.03.2020 год.
Делчево

ЈКП Брегалница-Делчево
Директор
Стојче Стојковски